Јавно комунално претпријатие
"ИЛИНДЕН"
Бр. 04-22/7
23. 01 2023 год.
Населба, ИЛИНДЕН

Врз основа на одредбите од чл.37-н од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и ,,Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 6 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14,199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и ,,Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20) и одредбите од член 33 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.02-285/7 од 31.10.2017 година, Директорот на Јавното комунално претпријатие "Илинден" н.Илинден, донесе

# ОДЛУКА

**за извршен избор на кандидат по Интерен оглас бр.01/2023**
**за пополнување на работно место со унапредување на давател на јавни услуги**

I. За пополнување на работното место со унапредување на давател на јавни услуги во ЈКП ,,Илинден" н.Илинден, по објавениот Интерен оглас бр.01/2023, за работното место Одржувач на паркови и зеленило во Стручна служба - Одделение за јавна хигиена, шифра на работното место КДР 03 05 В01 001 - 1 (еден) извршител, избран е следниот кандидат:

- **САШО СТАМЕНКОВСКИ**

**II.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комисијата за селекција во постапката за унапредување формирана со Решение бр.04-22/2 од 13.01.2023 година, по објавениот интерен оглас број 01/2023 за пополнување на работно место со унапредување на давател на јавни услуги во ЈКП ,,Илинден" н.Илинден бр.04-22/1 од 13.01.2023 година, спроведе постапка во согласност со Законот за јавните претпријатија, Законот за вработените во јавниот сектор и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.02-285/7 од 31.10.2017 година.

Според пристигнатите пријави на кандидатите за пополнување на работното место со унапредување Одржувач на паркови и зеленило во Стручна служба - Одделение за јавна хигиена, шифра на работното место КДР 03 05 В01 001 - 1 (еден) извршител, Комисијата до Директорот на ЈКП ,,Илинден" н.Илинден достави конечна ранг листа од пријавените на интервјуирани кандидати, со предлог за избор на најдобро

рангираниот кандидат бр.04-22/6 од 23.01.2023 година, со која му предлага на Директорот на ЈКП,,Илинден" н.Илинден за огласеното работно место да се избере кандидатот Сашо Стаменковски, како единствен кандидат кој има поднесено пријава по Интерниот оглас 01/2023 година и кој кандидат ги исполнува во целост општите и посебните услови за пополнување на предметното работно место пропишани за соодветното ниво согласно Законот за јавните претпријатија и Правилникот за систематизација на работните места во Правилникот за систематизација на работните места во Јавното комунално претпријатие "Илинден" н.Илинден бр.01-310/3 од 30.10.2015 година со измените.

Врз основа на горенаведеното, по извршениот увидот во целокупната документација приложена кој пријавата на кандидатот со арх.бр.04-22/3 од 17.01.2023 година, Записникот за извршена проверка во постапка за административна селекција по Интерниот оглас 01/2023 за унапредување на давател на јавна услуга бр.04-22/4 од 20.01.2023 година, Записникот за спроведено интервју во постапката по Интерниот оглас 01/2023 за унапредување на давател на јавна услуга бр.04-22/5 од 23.01.2023 година и Конечната ранг листа од пријавените кандидати по Интерниот оглас 01/2023 (со предлог за избор на најдобро рангиран кандидат) бр.04-22/6 од 23.01.2023 година, а по извршената оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот Директорот на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Упатство за правно средство:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку ЈКП ,,Илинден" н.Илинден до Управниот одбор на ЈКП ,,Илинден" н.Илинден во рок од 8 дена од денот на приемот на оваа Одлука.

Д.Н.
- Архива
- Одд.за човечки ресурси
- Пријавените кандидати
- Огласна табла

ЈКП „Илинден“ н.Илинден
Директор
Борче Мицановски